Проектот е финансиран од
Европската Унија

# Бриф за медиуми

### Главни карактеристики на јавните набавки во Северна Македонија 2018/2019

- Вредноста на јавните набавки во 2018 година, по големиот пад во 2017 година, повторно почна да расте (за 21 %) и достигна 755 милиони евра, односно 7 % од БДП и 22 % од Буџетот на земјата.
- Тоа што во 2018 година останува речиси непроменето е просечниот број добиени понуди по тендер (3,41), но по долги години движење на оваа бројка под границата од 3, ова е втора година по ред како просечниот број понуди се движи над оваа граница.
- Склучувањето на т.н. договори во четири очи, односно преку постапката преговарање без објавување оглас, е во пораст во апсолутна смисла, но уделот на овие договори во вредноста на вкупните договори е малку намалена во однос на претходната година.
- Еден од најголемите проблеми во јавните набавки во земјата – честото поништување на постапките за јавни набавки – дури пораснало во 2018 година, достигнувајќи рекордна вредност од дури 27 % на поништени тендери.
- Следењето на спроведувањето на јавните набавки во првите месеци од примената на новиот Закон покажува дека набавките сѐ уште се спроведуваат според старата и лоша практика, односно како ништо да не се променило.
- И покрај постоењето на мноштво институции во синџирот на спречување и борба против корупцијата во јавните набавки, сепак и натаму отсуствуваат позначајни и видливи резултати на овој план.
- Тоа што следно треба да се направи за подобрување на состојбите во јавните набавки е целосна примена на новиот Закон за јавните набавки, со користење на сите можности што им ги нуди на договорните органи за набавка на потребните стоки, услуги и работи и за добивање на најдобрата вредност за потрошените пари.

**Вредност на јавните набавки во Северна Македонија (мил. €)**



# Јавните набавки во регионот

Како и минатите години, и во 2018 година јавните набавки имаат највисока вредност во Србија, 3,4 милијарди евра годишно. Вредност повисока од една милијарди евра имаат само уште набавките во БиХ (1,6 милијарди евра), додека сите други земји имаат значително пониски износи. Во однос на претходната 2017 година, вредноста на јавните набавки единствено е намалена во Црна Гора. Просечно, вредноста на јавните набавки во регионот пораснала за 20% во 2018 година.

Најголемо учество на јавните набавки во бруто домашниот производ на една земја има во Црна Гора (9,8%), додека најмало во Северна Македонија (7 %). Во однос на буџетот, пак, најголемо учество јавните набавки имаат во Србија (35 %), а најмало во Црна Гора (19 %).

Просечниот број понуди по тендер во регионот изнесува 3,3 (зголемено во однос на 2017 кога просекот изнесуваше 3). По земји, конкуренцијата е највисока во Косово (5 понуди по тендер), а најниска во БиХ (2,3 понуди по тендер).

## Вредност на јавните набавки во земјите од регионот (мил. €)




• Србија • БиХ • С.Македонија • Косово • Црна Гора

# За Балкан тендер воч

Коалицијата Балкан тендер воч го спроведува истоимениот проект со цел да го зголеми влијанието на граѓанското општество од земјите од Западниот Балкан врз антикорупциските политики и практиките во текот на целиот циклус на јавни набавки, со искористување на евроинтеграцијата како трансформативна агенда.

Ова го постигнуваме преку:

- Зголемување на антикорупциската заедница во Западниот Балкан за засилување на иницијативите за застапување засновано врз факти, како и мониторинг врз јавните набавки и врз политиките во оваа област;
- Влијание врз владите да воведат реформи насочени кон воспоставување одговорни системи на јавни набавки, усогласени со правилата на ЕУ, и градење сојузи со јавните институции кои сакаат да се вклучат во реформите;
- Обезбедување сеопфатни и навремени информации за состојбата во јавните набавки поврзани со интеграцијата во ЕУ во поглавјата 5, 8 и 23, со што се подобрува влијанието на ’грасрут‘ и други видови на граѓански организации кои работат врз постигнувањето позитивни промени на локално ниво.

Повеќе информации за проектот: http://www.balkantenderwatch.eu/

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија во рамките на проектот „Балкан Тендер Воч“. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот на граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

Контакт/Издавач: Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, (02)3213-513, center@ccc.org.mk

Made with infogram